**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Димитар Ѓоршевски**
**именуван за подрачјето на**
**Битола и Ресен**
**ул.Цар Самоил бр.11**
**тел. 047/609425**

**Образец бр.29**

**И.бр. 774/2026**

Извршителот Димитар Ѓоршевски од Битола, ул.Цар Самоил бр.11 врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот ПроКредит Банка АД Скопје од Скопје со седиште на Манапо број 7, засновано на извршната исправа ОДУ бр. 401/19 од 27.06.2019 год. на Нотар Николче Павловски од Ресен и ОДУ бр. 251/22 од 26.12.2022 год. на Нотар Богданка Бакаловска од Ресен, против должникот Друштво за производство,трговија на големо и мало,угостителство и услуги РУМКО 91 Ангеловски Илче ДООЕЛ увоз-извоз Ресен од Ресен со седиште на 29-ТИ НОЕМВРИ 1/1А, за спроведување на извршување во вредност 51.554.603,00 денари на ден 20.08.2026 година го составува следниот:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ВТОРА ПРОДАЖБА НА ПОДВИЖНИ ПРЕДМЕТИ СО УСНО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ
**(врз основа на членовите 108 и 109 од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА ВТОРА продажба со усно јавно наддавање на следните подвижни предмети:

1. Комора бр.1 за одржување, производител ПРИМАТЕХНА ДООЕЛ Битола, димензии 7м x 8м x 4м до 0 C/ панели со дебелина 100мм и врата, димензии 224м3, година на производтво 2009

Систем за разладување на Комора бр. 1 составен од 1 испарувач, компресор, воздушни кондензатори, инсталација, топлоизменувачи и комплет автоматика и контролна табла, Производител Италија/ЕУ, компресор DORIN / K15000CC -02, сериски број 08070265 D со утврдена купопродажна цена во износ од 564.263,00 денари, **а намалена на предлог на доверителот износ од 282.132,00 денари.**

2. Комора бр.2 за одржување, производител ПРИМАТЕХНА ДООЕЛ Битола, димензии 7м x 8м x 4м до 0 C/ панели со дебелина 100мм и врата, димензии 224м3, година на производтво 2009

Систем за разладување на Комора бр. 2 составен од 1 испарувач, 1 компресор, воздушни кондензатори, инсталација, топлоизменувачи и комплет автоматика и контролна табла, Производител Италија/ЕУ, компресор DORIN / K15000CC сериски број 09090612 D со утврдена купопродажна цена во износ од 564.263,00 денари, **а намалена на предлог на доверителот износ од 282.132,00 денари.**

3. Комора бр.4 за замрзнување и одружување, производител ПРИМАТЕХНА ДООЕЛ Битола, димензии 14м x 20м x 4м до -18 C/ панели со дебелина 140мм и врата, дименции 1120м3, година на производтво 2009

Систем за разладување на Комора бр. 4 составен од 2 испарувачи, 1 компресор, воздушни кондензатори, инсталација, топлоизменувачи и комплет автоматика и контролна табла, Производител Италија/ЕУ, компресор BITZER/ 4H-25.2Y-40P сериски број 1674609349 со утврдена купопродажна цена во износ од 1.977.532.,00 денари **а намалена на предлог на доверителот износ од 988.766,00 денари.**

4. Комора бр.5 за одржување, производител ПРИМАТЕХНА ДООЕЛ Битола, димензии 14м x 20м x 4м до 0C/ панели со дебелина 100мм и врата, димензии 1120м3, година на производтво 2009

Систем за разладување на Комора бр. 5 составен од 2 испарувачи, 1 компресор, воздушни кондензатори, инсталација, топлоизменувачи и комплет автоматика и контролна табла, Производител Италија/ЕУ, компресор BITZER/ 4H-25.2Y-40P сериски број 1674609346 со утврдена купопродажна цена во износ од 1.539.345.,00 денари, **а намалена на предлог на доверителот износ од 769.673,00 денари.**

5. Фотоволтаична централа за производство на електрична енергија со инсталирана моќност од 100KWp поставена на кров од објекти сосотевена од:
    - Панели, количина 280, производител PERC, тип/модел 380W, година на производство 2022
    - Инверетер, количина 1, производител CoNeart Solar Invertev, тип модел COG100KTL, сериски број 30090601A002210181, година на производство 2022 со утврдена купопродажна цена во износ од 2.776.550,00 денари, **а намалена на предлог на доверителот износ од 1.388.275,00 денари.**

6. Атомизер 2000 литри Холсан со кардан
   Тип/модел CAN-20 KULE 2000Lt
   Сериски број 0058
   Година на производство 2016
   Производител Холсан/ HOLSAN
   Земја на потекло Турција
   со утврдена купопродажна цена во износ од 121.322,00 денари, **а намалена на предлог на доверителот износ од 60.661,00 денари.**

7. Трактор Башак 2047 со кабина 2 ВД
   Тип/Модел 2043 SH/2047 EKO
   Број на мотор 3102IL43A396764F5
   Број на шасија: BT345000517
   Година на производство 2016
   Производител: BASAK
   Боја Црвена
   Снага KW 34,90
   со утврдена купопродажна цена во износ од 300.373,00 денари, **а намалена на предлог на доверителот износ од 150.187,00 денари.**

8. Трактор Башак 2047 со кабина 2 ВД
   Тип/Модел 2043 SH/2047 EKO
   Број на мотор 3102IL43A396767F5
   Број на шасија: BT345000569
   Година на производство 2016
   Производител: BASAK
   Боја Црвена
   Снага KW 34,90
   со утврдена купопродажна цена во износ од 315.392,00 денари, **а намалена на предлог на доверителот износ од 157.696,00 денари.**

9. Атомизер 2000 литри Холсан со кардан
   Тип/модел CAN-20 KULE TURBO
   Сериски број 83
   Година на производство 2016
   Производител Холсан/ HOLSAN
   Земја на потекло Турција
   со утврдена купопродажна цена во износ од 142.833,00 денари, **а намалена на предлог на доверителот износ од 71.417,00 денари.**

10. Атомизер 2000 литри Холсан со кардан
   Тип/модел CAN-20 KULE 2000Lt
   Сериски број 0057
   Година на производство 2016
   Производител Холсан/ HOLSAN
   Земја на потекло Турција
   со утврдена купопродажна цена во износ од 136.810,00 денари **а намалена на предлог на доверителот износ од 68.405,00 денари.**

11. Трактор Башак 2047 со кабина 2 ВД
    Тип/Модел 2043 SH/2047 EKO
    Број на мотор 3102IL43B399193F5
    Број на шасија: BT345000554
    Година на производство 2016
    Производител: BASAK
    Боја Црвена
    Снага KW 35, со утврдена купопродажна цена во износ од 294.366,00 денари, **а намалена на предлог на доверителот износ од 147.183,00 денари.**

Предметите се оптоварени со следните товари: Залог во корист на доверителот Про Кредит Банка АД Скопје врз основа на ОДУ бр. 401/19 од 27.06.2019 год. на Нотар Николче Павловски од Ресен и ОДУ бр. 251/22 од 26.12.2022 год. на Нотар Богданка Бакаловска од Ресен, Налог за извршување Ибр. 774/2026 од 14.05.2026 година на Извршител Димитар Ѓоршевски од Битола.

**Предметите под реден број од 1 до 5 се продаваат заедно во пакет.** Вкупната купопродажна цена за сите предмети е утврдена на износ од 7.421.953,00 денари, **а намалена на предлог на доверителот износ од 3.710.978,00 денари. која вредност претставува почетна цена за второто усно јавно наддавање.**

**Продажбата ќе се одржи на ден 11.09.2026 година во 12:00 часот во просториите на Извршител Димитар Ѓоршевски од Битола на адреса ул. Цар Самоил бр. 11 Битола.**

**На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на подвижните предмети односно:**

- **За предметите под реден број од 1 до 5 износ од 742.195,00 денари;**
- **За предметот под реден број 6 износ од 12.132,00 денари;**
- **За предметот под реден број 7 износ од 30.037,00 денари;**
- **За предметот под реден број 8 износ од 31.539,00 денари;**
- **За предметот под реден број 9 износ од 14.283,00 денари;**
- **За предметот под реден број 10 износ од 13.681,00 денари;**
- **За предметот под реден број 11 износ од 29.436,00 денари;**

**Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 500000001490820 што се води кај Алта Банка А.Д. Битола, даночен број на извршителот 5002023509971 со цел на дознака уплата на гаранција за продажба по предмет И.бр. 774/2026 и редниот број за кој се однесува гаранцијата.**

**Гранцијата за учество треба да биде уплатена најдоцна до 09.09.2026 година.**

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Продажбата на предметите ќе се објави во дневниот весник Нова Македонија и електронски на веб страната на Комора̀т на извршители на РСМ.

Купувачот е должен да ја положи вкупната цена на предметите, веднаш по заклучувањето на наддавањето, а најдоцна во рок од три дена согласно член 112 став (1) од Законот за извршување.

Предметите што се ставени на продажба може да се разгледаат по претходна најава кај Извршителот Димитар Ѓоршевски.

Овој заклучок се доставува до странките, а на учесниците на надавањето по нивно барање.

И З В Р Ш И Т Е Л
Димитар Ѓоршевски

Д.-на: должник
Доверител
Архива н аизвршител

X ______________________________

**Правна поука:** Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основен суд Битола согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.